Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 103/08), министерот за образование донесе наставна програма по предметот *анг̄лиски јазик* за II одделение на деветгодишно основно училиште за учениците со оштетен вид.

АДАПТИРАНА
НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
ОШТЕТЕН ВИД

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

II ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, мај 2009

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН ВИД**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

## II ОДДЕЛЕНИЕ

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Скопје, мај 2009

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Компонента 1. ЛЕКСИЧКИ ЕДИНИЦИ[1] | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да го разбере значењето на лексичките единици и да ги репродуцира. | Моето семејство (членови на потесното и поширокото семејство) | Mum/dad<br>Brother/sister<br>Uncle/aunt | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, именување на членовите на семејството по даден постер, фотографии, флеш-карти, цртежи итн. |
| | Делови од облека | A coat, a shirt, a jumper, a T-shirt, socks, trousers, shoes, a skirt | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, именување на членовите на семејството по даден постер, фотографии, флеш-карти, цртежи итн. Rhyme: *Diddle, Diddle, Dumpling.* |
| | Моето тело | Head (hair, ears, eyes, nose, mouth);<br>Shoulders, legs, knees, toes... | Вежби од типот на посочување на конкретните делови на своето тело; активности од типот на цртање на човечкото тело; учење на песничка "Head, shoulders, knees & toes"; активност од типот користење на гестикулации во идентификувањето на деловите на телото и сл.; игри од типот *Simon says…Touch your nose…* и сл. |
| | Храна<br>-главни дневни оброци<br>-наслови на најчести јадења и пијалаци | Breakfast/lunch/dinner/ supper<br><br>Bread, butter, hamburger, sandwich, pizza, chips, meat, vegetables, fruit.....<br>Milk, water, tea, juice.... | Активности од типот на водење дискусија на тема: „Мојата омилена храна", претставување на омилен оброк преку цртеж, игри од типот *Find your favourite food* со користење на флеш карти и сл. |

[1] При обработка на новиот лексички материјал не треба да се воведуваат повеќе од 4-5 нови лексички единици по наставен час. Лексичкиот материјал сукцесивно се проширува и се повторува.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Бои (сите останати бои од спектарот) | Pink, grey, brown, purple | Пеење песнички каде се споменуваат боите; вежби со боење по диктат; песни; активности од типот на именување на боите на деловите од облеката на учениците и сл. |
| | Празници (лексички единици поврзани со празниците) | Christmas (Christmas tree/presents/cards/Father Christmas), Bayrami… Easter (Easter bunny/eggs)... Halloween..... | Пеење песнички, изработување честитки и украси и сл. |
| | Животни (домашни и диви и нивните малечки, омилен лик-животно од цртаните филмови) | Fish, frog, mouse, elephant, rabbit, bear; cat-kitten, dog-puppy, cow-calf, sheep-lamb; Mickey Mouse, Dumbo (the elephant)... | Покажување слики од сликовници со домашни миленичиња и нивно именување; игри (со илустрирани картички од кои ученикот ја издвојува соодветната); имитирање на говорот на домашните миленичиња; кажување приказни; драматизација (puppet show) и сл. |

**Компонента 2. ГРАМАТИЧКИ СТРУКТУРИ**[2]

| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да ги разбере, разликува и активно користи формите од глаголот to be за прво, второ, трето лице еднина и трето лице множина во усна комуникација. | Present s. tense of to be | I am, You are,<br>He/she/it is,<br>They are | Активности од типот на претставување на себеси, другарчињата во училницата, игри од типот (*I am a dog -You are a cat...*). |
| - да го разбира значењето на глаголот to have/have got во усна комуникација. | Present s. Tense of to have/have got | I have a dog.<br>She has got black hair. | Слушање на исказ од наставникот кој истовремено користи и пантомима; демонстрација на присвојност преку покажување на предмети од сопствениот училиштен прибор и сл. |
| - да се запознае со формите за прво, второ и трето лице еднина и трето лице множина и соодветно да ги употребува во усната комуникација. | Лични заменки | I, you, he, she, it<br>They | Игри; говорни вежби. |
| - да може да го препознае значењето на присвојната придавка и нејзината правилна примена. | Присвојни придавки | My, your, his/her/its<br>Their | Говорни вежби со поттикнување преку покажување на предмети и лица. |
| - да го разбере значењето на прашалните зборчиња и да може да даде соодветен вербален одговор. | Прашални зборови | How, where, how many | Вежби од типот на вербално реагирање на поставено прашање. |
| - да може да го разбере значењето на описната придавка и нејзината правилна примена при давањето описи. | Описни придавки како дел на предметот и други описни придавки | This is a big dog.<br>Happy, sad, good, bad | Вежби со илустрации; вежби со покажување на конкретни предмети и вежби со гестикулација-мимика (искажување чувства). |
| - да може да го разбере значењето на најфреквентните предлози за место и истите правилно да ги употребува. | Предлози | In, on, under, behind, in front of, up, down | Вежби од типот на работа во двојки (наставник-ученик, ученик-ученик), со цел да се идентификува местото на |

[2] Граматичките структури никогаш не се толкуваат експлицитно, туку нив учениците ги усвојуваат глобално во предложени јазични структури.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | предметот од непосредното окружување; лоцирање на предмети по визуелни прикази (флеш-карта, постер) и сл. |
| - да може да го препознае значењето на неопределениот член a/an. | Неопределен член a/an | A book, an elephant | Активности од типот набројување предмети од училишниот прибор, животни (користење на флеш карти) и сл. |
| - да може да го разбере значењето на помошниот глагол can, но само во контекст на учтиво барање и правилно да го употребува во истиот контекст. | Помошен глагол can | Can I have a banana please? | Активности од типот на барање на предмети од непосредното окружување, користење на сликички и сл. |
| - да може да брои од 10 до 20. | Главни броеви | 10-20 | Песни со броење (*Eeny Meeny Miny Mow...*), игри со броење, цртање и сл. |
| - да разбира, репродуцира и продуцира едноставни (куси) исказни реченици. | Едноставни (куси) исказни реченици | I have got a small fish. | Вежби од типот слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и повторување по слушнат модел; продуцирање на едноставни искази применувајќи го усвоениот вокабулар. |
| - да ги распознава заповедите и да реагира соодветно на нив. | Заповеди во рамките на тематските подрачја | Look at this! Go there! Open the door/window/books! Don`t go there! Don`t stand up ! Don`t sit down! Take a pencil! Bring me the ball! Give me the book! | Слушање на искази и соодветно реагирање на нив (TPR), игра од типот *Simon says...* |
| - да го препознава значењето на Present continuous tense (сегашно време) кај зачестените глаголи поврзани со содржините од вокабуларот, во еднина и трето лице множина. | Сегашно време (Present continuous tense) | I am drawing a cat. | Вежби од типот демонстрирање на активности преку препознавање на слушнат исказ и користење на мимика и гестикулации, песнички (*Are you sleeping, brother John...*) и сл. |

| Компонента 3. ЈАЗИЧНИ ФУНКЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да може да води едноставна комуникација во соодветни говорни ситуации со примена на јазичните функции на ова ниво на изучување на јазикот, односно блиски на нивната возраст. | Поздравување / отпоздравување (формално) | Good morning/afternoon<br>Good bye<br>Miss/Mr/Mrs White | Активности од типот на увежбување на формите на поздравување и отпоздравување по говорен модел; игри од типот *Good morning Mr.Jones,* и сл. |
| | Претставување себеси и пријатели | What`s your name? I`m Svetlana.<br>Who is this?- This is my friend. | Увежбување на јазичната функција преку вербално искажување, користење на цртежи, фотографии и флеш-карти, песнички и сл. |
| | Претставување на семејството | This is my family.<br>Who is this?- This is my mum/dad/sister/brother | Увежбување на јазичната функција преку вербално искажување, користење на цртежи, фотографии и флеш-карти, песнички и сл. |
| | Модели на културно однесување | How are you today?<br>- Fine, thanks.<br>- Not well. | Учество во кратки дијалози (игри по улоги), драматизација и сл. |
| | Разбирање наредби и реагирање на нив | Go! Draw! Colour! Listen! Repeat! Open! Close! | Слушање на наредби и соодветно реагирање на нив (TPR); rhyme (*One, two, put on your shoe, Three, four, open the door...*) и сл. |
| | Учтиво барање | Can I have a pencil, please? | Играње во двојки, симулација по дадена ситуација (продавница: *buying products in a shop*) и сл. |
| | Именување на основниот училиштен прибор | This is my pencil/book/pen/desk | Именување на предмети од училиштен прибор по дадени цртежи, флеш карти, игри од типот *Simon says..This is a...*) и сл. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Повикување на активност | Let`s draw! Let`s go out! Let`s sing! | Активности од типот на TPR. |
| | Искажување допаѓање/недопаѓање | I like/don`t like milk. | Игри од типот поделување на учениците во две групи и реагирање по дадена сликичка, издвојување на група што искажува допаѓање и недопаѓање и слични активности; цртање на омилено/неомилено животно, јадење, делови од облека... и игра од типот *Jumping the line*, во која учениците преку физичка активност го увежбуваат јазичниот модел. |
| | Опишување на галеничиња и други животни | My dog is small.<br>His kitten is brown. | Активности од типот на цртање на омилено животно/галениче, опишување со користење на гестикулација и ономатопеја и давање вербален опис на делови од телото на животното (*His ears are big*).. |
| | Повикување на игра | Let`s play hide and seek! | Игри (по избор на учениците и наставникот). |
| | Опишување на делови на телото | My eyes are green. | Опишување на делови од сопственото тело, опишување на делови од телото на своето другарче, давање опис по дадени цртежи и фотографии (членови на семејството); песнички (*Head and shoulders, knees and toes...*) и сл. |

| Компонента 4. СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката**:<br>- да може да го разбере значењето на лексичките единици предвидени за изучување на оваа возраст. | Лексичка единица | Bread, butter…<br>Fish…<br>Eyes, nose, mouth…<br>Pink, brown…<br>Trousers, shoes… | Невербално реагирање на: говорен поттик, слики, постери, флеш карти, игра од типот Simon says... (на пр., со покажување), песни и сл. |
| - да разбира едноставни искази. | Едноставни искази | My trousers are blue.<br>Easter eggs are red. | Вежби од типот на соодветно реагирање на слушнати искази (од аудиозапис или од наставникот, на пр., движење на телото, мимика), невербално реагирање на инструкција/исказ од наставникот и сл. |

| Компонента 5. ГОВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичкта:**<br>- да ги изговара и соодветно да ги применува лексичките единици во едноставни искази предвидени за ова ниво за изучување на јазикот во рамките на предвидените јазични функции и граматички структури. | Моето семејство | I have two brothers. | Активности од типот на вербално повторување и продуцирање на едноставни исказни реченици преку: играње по улоги, бројалки, рецитирање и пеење, по можност проследено со движења; учество во кратки дијалошки ситуации, драмски изведби и раскажување приказни како потврда за усвоеност на лексиката и структурите. |
| | Делови од облеката и бои | Her shoes are pink. | |
| | Моето тело | My nose is small.<br>Her mouth is pink. | |
| | Храна | Sandwich, meat, milk, juice, water...<br>I like pizza and juice. | |
| | Празници | Halloween, Father Christmas…<br>I have got 12 Easter eggs. | |
| | Животни | My frog is green.<br>I have a grey kitten. | |

**Компонента 6. КУЛТУРА**

Содржините од култура се застапени во сите компоненти во изучувањето на јазикот, односно не се изучуваат изолирано како посебна компонента.

Целта е да се создаде сензибилизација за воочување на културолошките разлики преку воспитни и социолошки содржини како основа за развивање на толеранција и емпатија кон другиот и различниот (на пр., преку имиња, празници, модели на културно однесување, храна, песни, игри, бројалки, комуникативни модели, паралингвистички елементи и др.).

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Во планирањето на содржините за второ одделение предвид се земени содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во второ одделение, односно почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување по однос на целите и содржините со акцент на интегрирано поврзување со содржини од мајчиниот јазик. Наставниот предмет е застапен со по 2 часа неделен, односно 72 часа годишен фонд.

Наставата по англиски јазик за учениците на оваа возраст се заснова на мултисензорно (визуелно, аудитивно, тактилно и др.) и холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно наставникот ќе ги интегрира различните компоненти со што јазикот ќе се учи на функционален начин.

Согласно горенаведеното во странскиот јазик не можат да се издвојат, односно не може да се планира бројот на часовите по одделни компоненти.

Тежиштето на работата на часовите по англиски јазик во второ одделение е на усното искажување кое се поврзува со дадена ситуација во училницата, преку игри, драматизација, песни или движења со поттикнување на фантазијата и на креативноста на ученикот. Учениците, во глобала, ги усвојуваат содржините механички (со репродукција), но битно е да се провери правилното разбирање на значењето на пораката вклучувајќи ги и културолошките елементи.

*Наставни средства:*
- комплет од одобрен учебнички систем;
- пакет прирачен материјал за наставникот (флеш-карти, постери, играчки);
- касетофони/касети со песни; компјутер со соодветен софтвер; ЦД-РОМ, ТВ со ДВД;
- други извори на учење во непосредната околина - предмети во просторијата каде се изучува англискиот јазик;
- Интернет пристап, образовни софтвери;
- списанија за наставникот.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*Следење на постигањата на учениците*

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Многу е важно при постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, тие постапки да не се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба посебно да се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.

**Битно е** поголем акцент да се стави на позитивните аспекти на напредокот на учениците, т.е. на она што ученикот го знае, а не она што не го знае. Важно е секој напредок да се награди соодветно, бидејќи на младите ученици им е потребна повратна информација за остварениот успех, што може да биде усна пофалба или позитивна реакција изразена преку гест или мимика или, пак, со насмевка од страна на наставникот, нацртан цвет и сл.

Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши описно при што наставникот има обврска во посебна тетратка континуирано да води забелешки за секој ученик посебно за неговото напредување согласно компонентите на јазикот предвидени со наставната програма за второ одделение.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на нормативот за простор за I,II и III одделение и за наставни средства за II одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.**

Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за второ одделение треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за второ одделение.

Се препорачува, заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците и за да слушнат подобро што се зборува, и најоддалечениот ученик да има преглед на училницата, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата У, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при драматизација).

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

- Завршени студии по англиски јазик и литература - наставна насока, VII [1].
- Завршени студии по англиски јазик и книжевност, VII [1].
- Завршени студии по англиски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет, VII[1].
- **Завршени студии за одделенска настава со модул за англиски јазик VII [1].**

## 7. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *анїлиски јазик* за второ одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид ја донесе

Никола Тодоров,
министер за образование и наука

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10- 2014/6
27.07 2009 год.
СКОПЈЕ